Врз основа на член 78 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21 и 58/24) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен Весник на РМ” бр.5/2002), Советот на општина Берово на 43-та Седница на Совет одржана на 28.03.2024 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за определување на местата и условите за истакнување на изборни плакати за 2024 година

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат местата и условите за истакнување на изборни плакати во 2024 година.

Член 2

Како место на кое ќе се истакнуваат изборни плакати, без надоместок, се определуваат:

2.1 Во градот Берово за истакнување изборни плакати без надоместок се определуваат следните места:

- да се постави монтажна - демонтажна рекламна табла - пано со максимални димензии 2, 00 x 1,00 метар (секој пред својот штаб);
- Сити лајтот на плоштадот во Берово, парк-простор (Ковачовски);

2.2 Во останатите населени места:

- во руралните населби на ѕидовите на задружните домови (сопственост на општината);
- на потпорни ѕидови на улиците;
- оградни ѕидови на јавните површини, и
- деловни објекти во државна сопственост.

Член 3

Како дополнителни места за истакнување на изборни плакати со надомест се постојните билборди и рекламни паноа со надоместок и договор со сопственикот на паноата, и тоа:

- металните билборди на следните локации:
    - раскрсница помеѓу улица „Моша Пијаде„ со ул. „Маршал Тито“;
    - на улица „23 Август“ кај постојната автобуска станица.

Член 4

Изборни плакати можат да се истакнуваат и на станбени или други приватни објекти, со претходна согласност од сопственикот на објектот.

Не е дозволено истакнување на плакати од кампањата на објектите каде што се наоѓа гласачкото место или просторијата каде што се спроведува гласањето.

Член 5

Право на користење на определните места имаат организаторите на изборната кампања - политички партии, коалиции и групи на избирачи кои учествуваат во изборниот процес со свои кандидати.

Член 6

Подносителите на листите ќе ги истакнуваат изборните плакати на простор определен за нив, од страна на Одделението за комунални дејности и заштита на животна средина и Одделението за урбанизам при Општина Берово.

Член 7

Општината гарантира еднакви услови за сите организатори на изборната кампања при истакнување на плакатите.

Член 8

Забрането е уништување на изборни плакати или лепење на плакати преку други плакати на други организатори на изборна кампања.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Берово”.

Бр.09-1265/1
28.03.2024 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Марија Буровска